Врз основа на член 19 од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје или скратено АД МЕПСО Скопје (Сл.весник на РМ бр.52/15) и Одлука УО бр. 02-7455/7-1 од 01.12.2017 година, Управниот Одбор на Друштвото по точка 7 од дневниот ред „Донации", на 8-от состанок, одржан на ден 01.12.2017 година, ја донесе следната

**ДЕКЛАРАЦИЈА**
**ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА АД МЕПСО, Скопје**

Гледано низ призмата на мисијата која АД МЕПСО ја има зацртано во своето работење, остварувањето проекти и активности од јавен интерес е примарен фокус на истата. Имено, мисијата на АД МЕПСО Скопје е целосно, навремено и постојано остварување на јавниот интерес - пренос на електрична енергија и управување со стабилен и доверлив електро-енергетски систем. Мисијата на АД МЕПСО е да обезбеди редовен пренос на електрична енергија од домашните производствени капацитети или од увоз до сите клиенти на АД МЕПСО Скопје, а притоа да биде обезбедена доверлива и стабилна работа на електро-енергетскиот преносен систем на Република Македонија. АД МЕПСО Скопје, постојано и целосно е посветен на мисијата во својот домен на работа да ги подобрува условите за работа со што дава безрезервен придонес за растот на македонската национална економија а воедно да ги намалува сите потенцијални ризици и да дава придонес за постојано подобрување на бизнис климата во земјава.

АД МЕПСО Скопје, како општествено одговорна организација води грижа во рамките на своите можности и надлежности за развојот на економските и општествени дејности како неопходен предуслов за раст и развој на државата, подобрување на животниот стандард на сите граѓани и унапредување на животната средина.

АД МЕПСО Скопје, има за цел да се грижи за обезбедување на транспарентност во работењето, разумно и продуктивно трошење на средствата и добрата, инвестирање во стручни кадри, заштита на животната средина, обезбедување на најразновидна помош за достигнување на висок степен на квалитет на работење, се грижи директно или индиректно за развојот на духот и грижа за здравјето, првенствено на своите вработени, како и за целокупното население во земјава, пред се на децата преку создавање на здрава работна средина и грижа за животната средина .

Меѓу другото како основа за оваа декларација се и вредностите кон кои се стреми АД МЕПСО Скопје.

Имено, вредности кон кои се стремиме се :

1. Транспарентна работа на компанијата ;
2. Квалитетен и јавен сервис за сите корисници и за граѓаните воопшто;
3. Оптимизација на сите ресурси ;
4. Задоволни клиенти;
5. Заштита на животна средина;
6. Креирање препознатлив имиџ на општествено одговорна компанија која спроведува јавен интерес: пренос на електична енергија и управување со електро-енергетскиот систем на Република Македонија.

**Остварување на целите од Декларацијата за општествена одговорност на МЕПСО АД, Скопје**

За остварување на овие цели секоја година, почнувајќи од 2012 година, АД МЕПСО во рамките на сопствените расположливи финансиски средства како дел од Финансискиот план за работа за секоја фискална година, ќе обезбедува и резервира финасиски средства за реализација на конкретни

проекти кои ќе бидат одобрени врз основа на основните постулати на Декларацијата за општествена одговорност на компанијата, и ќе бидат реализирани со афирмација и одобрување на органите и телата на АД МЕПСО, Скопје.

Вкупната сума не смее да ја надмине вредноста од 1,5% остварениот годишен приход од работата на компанијата од претходната година. Оваа сума не мора да биде потрошена во целост доколку квалитетот и намената на апликациите не соодветствува на целите и заложбите дефинирани со Декларацијата.

Заради остварување на транспарентност во работата, доделувањето на финасиски средства се спроведува на заинтересирани правни лица, асоцијации, здруженија на граѓани, навладини организации и слично кои доствуваат апликации/барања за доделување на финансиски средства во согласност со предвидените области.

Секој корисник на овие средства ќе бид должен после реализацијата на проектот финансиран преку овој начин, да достави извештај за реализација на проектот.

Согласно зацртаните цели и заложби на АД МЕПСО Скопје, предвидено е да се одобрува помош во реализација на конкретни проекти од следните области :

- Развој на демократијата, граѓанското општество и човековите права;

- Помош и заштита на лица со физички или ментален хендикеп, лица со попреченост во развојот и лица со посебни потреби;

- Заштита на деца и младинци, заштита на маргинализирани лица и нивно социјално склучување;

- Заштита од злоупотреба на дрога, сексуално преносливи болести, малолетничка деликвенција, алхохолизам , проституција и трговија со луѓе;

- Здравствена заштита на населението и подобрување на услови за живот и обезбедување на здрава животна средина;

- Подобрување на работната способност и заштита на здравјето и сигурноста на вработените преку создавање на здрава работна средина;

- Поддршка и помош за уметноста, културата, заштита на културно историските вредности на Република Македонија и заштита на културното наследство;

- Подршка и помош на спортот и рекреацијата, а во функција на зголемувањ и промоција на физичката култура на граѓаните;

- Подршка на науката, образованието и обуката во образовниот процес ;

- Развој на етиката и моралот ;

- Подршка и унапредување на добротворството и волонтерството ;

- Подршка и унапредување на предприемачкиот дух и пазарното општество ;

- Подршка, унапредување и заштита на правата на потрошувачите;

- Подршка и унапредување на локален и инфраструктурен развој;

- Поддршка, привлекување и насочување на најдобите студенти во областа на енергетиката, машинството, рударството и градежништвото;

- Поддршка и привлекување на пронаоѓачи со цел развој и примена на нови технологии, пронајдоци и сл. од областа на енергетиката и заштита на животната средина;

- Изнаоѓање, развој, унапредување и користење на различни видови извори на енергија особено обновливи извори на енергија;

- Воспоставување на традиција за доделување на награди за најдобри студенти од факултетите сродни на основната дејност на АД МЕПСО Скопје, како и нивно евентуално ангажирање во рамките на работните процеси во компанијата;

- Зачувување и унапредување на природните ресурси околу објектите на АД МЕПСО Скопје и заштита на животната средина во целост низ земјава;

- Помагање на стручни, научни и професионални здруженија и лица од дејностите сврзани со работењето на АД МЕПСО Скопје, во нивната секојдневна работа а особено во организирање на меѓународни советувања, симпозиуми или друг вид на стручни собири или размена на знаење ;

- Помагање на развој на инфраструктурата во близината на седиштето и подружниците на АД МЕПСО Скопје;

- Социјална заштита и

- Подршка на религиозните заедници.

УО бр. 02-7455/7-1.1
01.12.2017 година

**Претседател на Управен одбор**
**Сашо Василевски**

Член на УО, Ненад Крстевски ____________

Член на УО, Борко Алексоски ____________

Член на УО, Сашо Стефановски____________

Член на УО, Томи Божиновски ____________

Член на УО, Симон Шутиноски____________

ДН

- Сите членови на УО
- Шеф на Кабинет на Ген.директор
- Сектор за финансиски работи
- Служба за органи на управување
- Архива